РЕГУЛАТИВА (ЕУ) БР. 2015/1088 НА КОМИСИЈАТА
од 3 јули 2015 година
за именување на Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 во врска со олеснување на постапките за одржување за воздухоплови во генералната авијација

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 година за општите прописи во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Европска агенција за воздухопловна безбедност и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ[1], а особено член 5(5) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата[2] утврдува правила за спроведување во врска со постојана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловните производи, делови и уреди и за одобрување на организациите и персоналот вклучени во овие задачи.

(2) Неопходно е да се намали сложеноста на тие правила за спроведување со цел да се прилагодат во однос на ризиците кои се поврзуваат со различните категории на воздухоплови и видовите на операции, а особено на помалите ризици кои се поврзуваат со воздухопловите во генералната авијација, за да се реализираат олеснувања во постапките за одржување кои водат кон поголема флексибилност и намалување на трошоците за сопствениците на предметниот воздухоплов.

(3) Освен тоа, бидејќи некои уверенија, како што е утврдено во додатоците кон анексите кон Регулатива (ЕЗ) бр. 2042/2003 на Комисијата[3], се однесуваат на таа регулатива, која е изменета со Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014, потребно е тие упатувања да се ажурираат.

(123610280) Затоа, Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 треба соодветно да се измени.

(123610281) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Европската агенција за воздухопловна безбедност поднесено според член 19(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008.

(123610282) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот утврден според член 65 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008,

(123610283)

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

---

[1] Сл. весник L 79, 19.3. 2008 година, стр. 1.

[2] Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата од 26 ноември 2014 година за постојана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловни производи, делови и уреди и за одобрување на организации и персонал кој е вклучен во овие задачи (Сл. весник L 362, 17.12.2014 година, стр. 1).

[3] Регулатива (ЕЗ) бр. 2042/2003 на Комисијата од 20 ноември 2003 година за постојана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловни производи, делови и уреди и за одобрување на организации и персонал кој е вклучен во овие задачи (Сл. весник L 315, 28.11.2003 година, стр. 1).

Член 1

Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 се изменува како што следува:

(1) Во член 2 се вметнува следната точка (иа) по точката (и):

(иа) „ ELA2 воздухоплов " е следниов европски лесен воздухоплов со екипаж:

(i) авион со максимална маса на полетување (MTOM) од 2000 kg или помалку, кој не се класифицира како воздухоплов со сложен моторен погон;

(ii) едрилица или моторна едрилица со MTOM 2000 kg или помалку;

(iii) балон;

(iv) воздушен брод со топол воздух;

(v) воздушен брод со гас кој е во согласност со сите следни карактеристики:

— 3% максимална статична тежина,

— невекторски притисок (освен повратен притисок),

— конвенционален и едноставен дизајн на структурата, контролен систем и балонски систем, и

— команди без серво;

(vi) многу лесен ротокоптер.“

(2) Во член 3 се додава следниот став 4:

„4. Програмите за одржување одобрени во согласност со условите кои биле применливи пред 27 јули 2015 година се сметаат дека се одобрени во согласност со условите утврдени во оваа регулатива.“

(3) Член 8 се изменува како што следува:

(а) во став (2)(б), датумот „28 септември 2015 година“ се заменува со датумот „28 септември 2016 година“;

(б) во став (4), „Регулатива (ЕЗ) бр. 2042/2003“ се заменува со Регулатива (ЕУ) бр. 1149/2011“;

(в) Се додава следниот став (6):

„6. По пат на отстапување од став 1:

(а) Надлежните органи, или онаму каде е применливо, организациите можат да продолжат да издаваат Уверенија, претходно издавање, како што е утврдено во Додаток III кон Анекс I (Дел-М) или Додаток II и Додаток III кон Анекс IV (Дел-147) кон Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014, во сила пред 27 јули 2015 година, до 31 декември 2015 година.

(б) Уверенијата издадени пред 1 јануари 2016 година важат додека да се променат, привремено да се укинат или да се повлечат.“

(4) Анекс I (Дел-М) се изменува во согласност со Анекс I кон оваа регулатива.

(5) Анекс II (Дел-145) се изменува во согласност со Анекс II кон оваа регулатива.

(6) Анекс IV (Дел-147) се изменува во согласност со Анекс III кон оваа регулатива.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки. Брисел, 3 јули 2015 год.

За Комисијата

Претседател

Жан-Клод ЈУНКЕР

АНЕКС I

Анекс I (Дел-М) кон Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 се менува како што следи:

(1) Содржината се изменува како што следува:

(i) точка М.А.607 се заменува со следното:

„М.А.607 **Персонал кој издава уверенија и персонал за ревизија на пловидбеноста“**

(ii) точка М.А. 614 се заменува со следното:

„М.А.614 **Евиденција од одржувањето и проверката на пловидбеноста“**

(б) точка М.А. 201 се изменува како што следува:

(i) во точка (а), точка 4 се заменува со следното:

„4. Одржувањето на воздухопловот се врши во согласност со програмата за одржување како што е утврдено во точка М.А. 302.“;

(ii) точка (д) се заменува со следното:

„(д) Со цел исполнување на одговорностите од точка (а),

„(д) сопственикот на воздухопловот може да склучи договор за извршување на задачите поврзани со постојана пловидбеност од страна на организација за управување со постојана пловидбеност одобрена во согласност со Оддел А, Поддел Е од овој анекс (Дел М). Во тој случај, организацијата за управување со постојана пловидбеност ги презема одговорностите за правилно исполнување на овие задачи. Во овој случај се употребува Договорот опишан во Додаток I ;

(ii) сопственик кој одлучува да управува со постојана пловидбеност на воздухопловот на своја одговорност, без договор во согласност со Додаток I, сепак може да склучи ограничен договор за изработка на програма за одржување и за нејзино одобрување во согласност со точка М.А. 302 со:

— организација за управување со постојана пловидбеност одобрена во согласност со Оддел А, Поддел Е од овој анекс (Дел М) или

— во случајот на ELA2 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции, Дел 145 или М.А.Поддел Ѓ организација за одржување,

Во тој случај, ограниченият договор ја префрла одговорноста за развојот и, освен во случајот каде се издава изјава од страна на сопственикот во согласност со М.А. 302(ж), обработката на одобрението на програмата за одржување на организацијата-изведувач.“

(3) Во точка М.А. 301, точка 3 се заменува со следново:

„3. спроведувањето на целото одржување, во согласност со програмата за одржување на воздухоплови согласно М.А. 302;“

(4) Точка М.А. 302 се изменува како што следува:

(i) во точка (в), првата реченица се заменува со следново:

„Кога со постојаната пловидбеност на воздухопловот управува организација за управување со постојана пловидбеноста на воздухопловот одобрена во согласност со Оддел А, Поддел Е од овој анекс (Дел М) или кога има ограничен договор помеѓу сопственикот и оваа организација во согласност со точка М.А. 201(д)(ii), програмата за одржување на воздухопловот и нејзините измени можат да се одобрат преку индиректна постапка за одобрување.“

(ii) Се додаваат следниве точки (ж) и (з):

„(ж) Во случајот на ELA1 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции, усогласеноста со точки (б), (в), (г) и (е) може да се замени преку усогласување со сите следни услови:

1. Програмата за одржување на воздухопловот која јасно го идентификува сопственикот и специфичниот воздухоплов на кој таа се однесува, вклучувајќи го кој било монтиран мотор и пропелер.

2. Програмата за одржување на воздухопловот или:

   — соодветствува со „Минималната програма за проверка“, која се содржи во точка (i), соодветствувајќи со одреден воздухоплов, или

   — соодветствува со точки (г) и (д).

   Програмата за одржување не е помалку ограничувачка од „Минималната програма за проверка“.

3. Програмата за одржување на воздухопловот ги опфаќа сите задолжителни услови за постојана пловидбеност, како на пример повторливи директиви за пловидбеност, Одделот за ограничување на пловидбеноста (ALS) од Инструкциите за постојана пловидбеност (ICA) или посебни услови за одржување кои се содржат во списокот на податоци за издавање на уверение за тип (TCDS).

   Освен тоа, програмата за одржување на воздухопловот ги идентификува сите дополнителни задачи за одржување кои треба да се изведат поради специфичниот вид на воздухопловот, конфигурацијата на воздухопловот и видот и специфичноста на операцијата. Следните елементи не се земаат предвид како минимум:

   — Посебна монтирана опрема и модификации на воздухопловот.

   — Поправки вклучени во воздухопловот.

   — Составни делови со ограничен век на траење и критични составни делови за безбедност на летот.

   — Препораки за одржување, како на пример интервали на времето помеѓу ремонтот (ТБО), препорачани преку сервисни билтени, сервисни дописи и други незадолжителни сервисни информации.

— Применливи оперативни директиви/услови во врска со периодична проверка на одредена опрема.

— Посебни оперативни одобрувања.

— Употреба на воздухопловот и оперативната средина.

— Одржување кое го извршува пилотот-сопственик (ако е применливо).

4. Доколку програмата за одржување не е одобрена од страна на надлежниот орган (директно или од страна на организацијата од M.A. Поддел E преку постапка за индиректно одобрување), програмата за одржување на воздухоплови содржи потпишана изјава каде сопственикот изјавува дека тоа е програмата за одржување на воздухоплови за регистрација на тој воздухоплов и тој/таа изјавува дека е целосно одговорен/одговорна за неговата содржина, а особено за кои било отстапки воведени во врска со препораките на Имателот на одобрувањето за дизајн.

5. Програмата за одржување на воздухоплови се ревидира барем еднаш годишно. Оваа ревизија на програмата за одржување се изведува или:

— од страна на лицето кое ја изведува ревизијата на пловидбеноста на воздухопловот во согласност со точка M.A. 710(ea), или

— од страна на организацијата за водење на постојаната пловидбеност на воздухоплови од Поддел E во оние случаи каде ревизијата на програмата за одржување не се извршува заедно со ревизија на пловидбеноста.

Ако ревизијата покаже недоследности на воздухопловот поврзани со недостатоците во содржината на програмата за одржување, лицето кое ја извршува ревизијата го известува надлежниот орган на земјата-членка за регистарот и сопственикот ја изменува програмата за одржување како што е договорено со тој надлежен орган.

(i) Во случајот на ELA1 воздухоплов различен од воздушни бродови, кои не се вклучени во комерцијални операции, „Минималната програма за проверка“ наведена во точка (ж) соодветствува со следните услови:

1. Ги содржи следните интервали на проверка:

— За ELA1 авиони и ELA2 моторни едрилици (TMG), секој годишен интервал и интервал на секои 100 часа, во зависност од тоа што доаѓа прво. Толеранција од 1 месец или 10 часа може да се примени на тој интервал доколку следниот интервал се пресметува од датумот или часовите кои се првично планирани.

— За ELA1 едрилици, моторни ELA2 едрилици различни од TMG и ELA1 балони, на секој годишен интервал. Толеранција од 1 месец може да се примени на тој интервал доколку следниот

интервал се пресметува од датумот кој првично е планиран.

2. Го содржи следното:

— Сервисните задачи се бараат според условите од Имателот на одобрувањето за дизајн.

— Преглед на ознаките.

— Преглед на евиденцијата од мерењето и мерење во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата (*), точка NCO.POL.105.

— Оперативен тест на транспондер (ако постои).

— Оперативен тест на пилот-статичкиот систем.

— Во случајот на ELA1 авиони:

— Оперативни проверки за моќност и вртежи во минута, притисок на гориво и масло, температури на моторот.

— За мотори опремени со автоматска контрола на моторот, објавената постапка за проба на моторот.

— За мотори со систем за суво подмачкување со турбокомпресори и мотори со ладење со течност, оперативна проверка за знаци за нарушена циркулација на течност.

— Проверка на условот и инсталација на структурните елементи, системи и составни делови кои соодветствуваат со следните области:

— За ELA1 авиони:

— Конструкција на авион

— Патничка и пилотска кабина

— Опрема за слетување

— Крила и среден дел

— Контроли за летање

— Површина на опашката

— Авионика и електроника

— Погонски систем

— Спојки и менувачи

— Пропелер

— Разни системи како што се балистички системи за спасување

— За ELA1 едрилици и ELA2 моторни едрилици:

— Конструкција на авион

— Патничка и пилотска кабина

— Опрема за слетување

— Крила и среден дел

— Површина на опашката

— Авионика и електроника

— Погонски систем (ако е применливо)

— Разни системи како што се одвоив баласт, падобран за кочење и контроли и воден баластен систем

— За ELA1 балони на топол воздух:

— Купола

— Пламеник

— Кошница

— Резервоари за гориво

— Опрема и инструменти

— За ELA1 балони на гас:

— Купола

— Кошница

— Опрема и инструменти

До денот кога оваа регулатива не ја утврди „Минималната програма за проверка“ за воздушни бродови, програмата за нивно одржување соодветствува со точки (г) и (д).

(*) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата од 5 октомври 2012 година за утврдување на техничките барања и административните постапки во врска со летачки операции во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 296, 25.10.2012, стр. 1).“

(5) Во точка М.А. 604, точка (а), точки 5 и 6 се заменуваат со следново:

„5. список на персонал за издавање на уверенија и, доколку е применливо, персонал за ревизија на пловидбеноста и персонал задолжен за развој и обработка на програмата за одржување, со нивниот делокруг на одобрување, и;

6. список на локации каде што се врши одржување, заедно со општ опис на објекти, и;“

(6) Точка М.А. 606 се изменува како што следува:

(i) точка (д) се заменува со следново:

„(д) Квалификацијата на сите лица кои се вклучени во одржувањето, ревизијата на пловидбеноста и развојот на програми за одржување, се покажува и евидентира.“

(ii) се додаваат следниве точки (з) и (s):

„(i) Доколку организацијата спроведува ревизии на пловидбеноста и го издава соодветниот уверение за ревизија на пловидбеноста за ELA1 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијалните операции во согласност со M.A. 901(1), таа го квалификува и одобрува персоналот за ревизија на пловидбеноста во согласност со M.A. 901(1).

(s) Доколку организацијата е вклучена во развојот и обработката на одобрувањето на програмата за одржување за ELA2 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции во согласност со M.A. 201(д)(ii), таа има на располагање квалификуван персонал кој може да прикаже соодветно знаење и искуство.“

(7) Точка M.A. 607 се изменува како што следува:

(i) насловот се заменува како што следува:

„M.A.607 **Персонал кој издава уверенија и персоналот за ревизија на пловидбеноста “**

(ii) во точка (б), првата реченица од вториот потстав се заменува како што следува:

„Сите такви случаи мора да се пријават кај надлежниот орган во рок од седум дена по издавањето на тоа овластување за издавање на уверенија.“

(iii) точка (в) се заменува како што следува:

„(в) Одобрената организација за одржување ги евидентира сите податоци во врска со персонал кој издава уверенија и персоналот за ревизија на пловидбеноста и го одржува тековен список на целиот персонал кој издава уверенија и персоналот за ревизија на пловидбеноста заедно со нивните овластувања во одобрението, како дел од прирачникот на организацијата во согласност со точка M.A.604(a)5.“

(8) Точка M.A. 614 се изменува како што следува:

(i) насловот се заменува со следново:

„M.A.614 **Евиденција од одржувањето и проверката на пловидбеноста“**

(ii) точка (а) се заменува со следново:

„(а) Одобрената организација за одржување ги евидентира сите податоци за извршената работа. Се задржува евиденцијата која е потребна за да се докаже дека се исполнети сите услови за издавање на уверение за пуштање во употреба вклучувајќи и документи за пуштање во употреба од подизведувачот и за издавање на секаков вид на уверение и препорака за пловидбеност.“

(iii) точка (в) се заменува со следново:

„(в) Одобрената организација за одржување задржува примерок од целата евиденција за одржување и кои било поврзани податоци за одржување три години од датумот на кој бил пуштен во употреба воздухопловот или составниот дел на воздухопловот на кој се однесува работата, од страна на одобрената организација за одржување. Освен тоа, таа задржува

примерок од целата евиденција во врска со издавањето на препораки и уверенија за ревизија на пловидбеноста три години од датумот на издавање на обезбедува копии од нив за сопственикот на воздухопловот.

1. Евиденцијата од овој став се чува на начин кој обезбедува заштита од оштетување, изменување и кражба.

2. Целиот компјутерски хардвер кој се користи за да се обезбеди резервна копија се чува на различно место од она кое ги содржи работните податоци во опкружување во кое е гарантирано дека ќе остане во добра состојба.

3. Кога одобрената организација за одржување ќе престане со работа, целата зачувана евиденција за одржување која ги опфаќа последните две години се доставува до последниот сопственик или клиентот на односниот воздухоплов или составниот дел или се чува како што е наведено од страна на надлежниот орган.“

(9) Во точка М.А. 615, се додаваат следните точки (д) и (ѓ):

„(д) доколку се специјално одобрени за тоа за ELA1 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции,

1. изведува ревизија на пловидбеноста и издава соодветно уверение за ревизија на пловидбеноста, под условите утврдени во точка М.А. 901(1), и

2. изведува ревизија на пловидбеноста и издава соодветни препораки, под условите утврдени во точка М.А. 901(1), и М.А. 904(а)2 и (б).

(ѓ) развива програма за одржување и го обработува нејзиното одобрување во согласност со точка М.А. 302 за ELA2 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции, под условите утврдени во точка М.А. 201(д)(ii), ограничено на типови/видови на воздухоплови наведени во уверението за одобрување.

Организацијата одржува само воздухоплов или составен дел за кои има одобрение, кога се на располагање сите потребни капацитети, опрема, алати, материјал, податоци за одржување и персонал за издавање на уверенија.“

(10) Во точка М.А. 617, точка 6 се изменува како што следува:

„6. капацитетите, опремата, алатите, материјалите, постапките, обемот на работата и персоналот кој издава уверенија кој може да влијае на одобрувањето.“

(11) Во точка М.А. 707, точка (6) се изменува како што следува:

„(б) На персоналот за ревизија на пловидбеноста номиниран од страна на одобрена организација за постојана пловидбеност може да му се издаде овластување од страна на одобрена организација за постојана пловидбеност само ако е формално прифатен од страна на надлежниот орган успешно извршување на ревизијата за пловидбеност под надзор на надлежниот орган или под надзор на персоналот од организацијата за ревизија на пловидбеноста во согласност со постапка одобрена од страна на надлежниот орган.“

(12) Точка М.А. 710 се изменува како што следува:

(i) По точка (е) се вметнува следната точка (еа):

„(еа) За ELA1 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции за кој програмата за одржување на воздухоплови е утврдена во согласност со М.А. 302(ж), програмата за одржување на воздухоплови се ревидира заедно со ревизијата на пловидбеноста. Оваа ревизија се спроведува од страна на лицето кое ја извршило ревизијата на пловидбеноста.“

(ii) точка (ж) се заменува со следното:

„(ж) Доколку исходот од ревизијата на пловидбеноста е нејасен или доколку ревизијата според точка М.А. 710(еа) открие отстапки на воздухопловот поврзани со недостатоци во содржината на програмата за одржување, организацијата го известува надлежниот орган во најкус можен рок, но не подоцна од 72 часа по моментот кога организацијата ја утврди состојбата на која се однесува ревизијата. Уверението за ревизија на пловидбеноста не се издава додека не се затворат сите наоди.“

(б) точка М.А. 901 се менува како што следи:

(i) точка (а) се заменува со следново:

„(а) Уверението за ревизија на пловидбеноста се издава во согласност со Додаток III (Образец 15а, 15б или 15в на EASA) по извршување на задоволителната ревизија на пловидбеноста. Уверението за ревизија на пловидбеноста важи една година;“

(ii) се додава следната точка (1):

„(1) За ELA1 воздухоплов кој не е вклучен во комерцијални операции, Делот 145 или М.А. Поддел Ѓ организацијата за одржување која ја извршува годишната проверка која се содржи во програмата за одржување може, доколку е соодветно одобрена, да извршува ревизија на пловидбеноста и да го издаде соодветното уверение за ревизија на пловидбеноста, под следниве услови:

1. Организацијата назначува персонал за ревизија на пловидбеноста кој соодветствува со сите следни карактеристики:

(а) Персоналот за ревизија на пловидбеноста поседува овластување за персонал за издавање на уверенија за соодветниот воздухоплов.

(б) Персоналот за ревизија на пловидбеноста има барем три години искуство како персонал за издавање на уверение.

(в) Персоналот за ревизија на пловидбеноста е независен од процесот за управување со постојана пловидбеност на воздухопловот врз кој се врши ревизија или има севкупно овластување за процесот за управување со постојана пловидбеност на целиот воздухоплов врз кој се врши ревизија.

(г) Персоналот за ревизија на пловидбеноста стекнал знаење за деловите од овој анекс (Дел К) соодветно на управувањето со

постојаната пловидбеност.

(д) Персоналот за ревизија на пловидбеноста стекнал докажано знаење за постапките на организацијата за одржување соодветно на ревизијата на пловидбеноста и издавањето на уверенија за ревизијата на пловидбеноста.

(ѓ) Персоналот за ревизија формално е прифатен од страна на надлежниот орган по извршување на ревизијата за пловидбеност под надзор на надлежниот орган или под надзор на персоналот од организацијата за ревизија на пловидбеноста во согласност со постапка одобрена од страна на надлежниот орган.

(е) Персоналот за ревизија на пловидбеноста извршил барем една ревизија на пловидбеноста во периодот од последните дванаесет месеци.

2. Ревизијата за пловидбеност се извршува во исто време како и годишната проверка во програмата за одржување и од страна на истото лице кое ја одобрува таквата годишна ревизија, со можност да се искористи одредбата за 90-дневно чекање која се содржи во М.А. 710(г).

3. Ревизијата за пловидбеност опфаќа целосен документиран преглед во согласност со точка М.А. 710(а).

123610392. Ревизијата за пловидбеност опфаќа физичко испитување на воздухопловот во согласност со точки М.А. 710(б) и (в).

123610393. Се издава уверение за ревизија на пловидбеноста Образец 15в на EASA, во корист на организацијата за одржување, од страна на лицето кое ја спровело ревизијата за пловидбеност кога се задоволува следново:

(а) ревизијата на пловидбеност е целосно и задоволително спроведена; и

(б) програмата за одржување е ревидирана во согласност со точка М.А. 710(еа); и

(в) нема недоследности кои би го загрозиле летот.

6. Примерок од издаденото уверение за ревизијата на пловидбеност се испраќа до надлежниот орган на земјата-членка каде воздухопловот е регистриран во рок од 10 дена од датумот на издавање.

7. Надлежниот орган на земјата-членка на регистрација се известува во рок од 72 часа доколку организацијата утврдила дека ревизијата за пловидбеност е нејасен или доколку ревизијата според точка М.А. 901(1)5(б) покаже отстапувања на воздухопловот поврзани со недостатоци во содржината на програмата за одржување.

8. Прирачникот или експозитивот од организацијата за одржување го опишува следново:

(а) Постапките за функционалност на ревизиите за пловидбеност и издавањето на соодветното уверение за ревизија на пловидбеноста.

(б) Имињата на персоналот за издавање на уверенија кој е овластен за спроведување на ревизиите за пловидбеност и издавањето на соодветното уверение за ревизија за пловидбеноста.

(в) Постапките за ревизија на програмата за одржување.“

(14) Во точка М.А. 904, точка (6) се заменува со следново:

„(б) Кога воздухопловот ги исполнувасоодветните услови, организацијата за управување со постојаната пловидбеност или организацијата за одржување, по потреба, испраќа до земјата-членка на регистрација документирана препорака за издавање на уверение за ревизија на пловидбеноста до земјата-членка на регистрација.“

(15) Точка М.В. 301 се заменува со следново:

„М.В.301 **Програма за одржување**

(а) Освен за оние случаи каде сопственикот издал изјава за програмата за одржување во согласност со точка М.А. 302(ж), надлежниот орган потврдува дека програмата за одржување е во согласност со точка М.А. 302.

(б) Освен ако не е поинаку наведено во точка М.А.302(в) и М.А. 302(ж), програмата за одржување и нејзините измени се одобруваат директно од страна на надлежниот орган.

(в) Во случај на индиректно одобрение, програмата за одржување ја одобрува надлежниот орган преку прирачникот за управување со постојаната пловидбеност.

(г) Со цел да се одобри програма за одржување во согласност со точка (б) од оваа точка, надлежниот орган има пристап до сите податоци кои се бараат со точки М.А.302(г), (д), (ѓ) и (ж).“

(16) Во Додаток II, точка 5 се изменува како што следува:

(i) точка (x) од Поле 12 Забелешки се заменува со следното:

„(x) За организациите за одржување одобрени во согласност со Поддел Ѓ од Анекс I (Дел-М), изјавата за уверението за пуштање во употреба на компонентата од точка М.А.613:

„Потврдено дека, ако во оваа област не е поинаку наведено, работата наведена во поле 11 и опишана во ова поле се врши во согласност кон условите од Оддел А, Поддел Ѓ од Анекс I (Дел-М) од Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 и дека во врска со оваа работа елементот се смета дека е подготвен за пуштање во употреба. ОВА НЕ Е ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА ВРЗ ОСНОВА НА АНЕКС II (ДЕЛ-145) ОД РЕГУЛАТИВА (ЕУ) БР. 1321/2014“.“

(ii) Поле 14а се заменува со следново:

„Означете ги соодветните квадратчиња кои ги означуваат правилата кои се

применуваат на извршената работа. Ако се означи квадратчето „останати правила наведени во поле 12.“, тогаш во поле 12 мора да се наведат правилата на другите надлежни органи за пловидбеност. Мора да се означи најмалку едно квадратче, или може да се означат две, доколку е соодветно.

За сите одржувања кои ги врши организацијата за одржување одобрена во согласност со Оддел А, Поддел Ѓ од Анекс I (Дел М) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014, мора да се означи квадратчето „други правила утврдени во поле 12“ и изјавата на уверението за пуштање во употреба во поле 12. Во овој случај, изјавата „освен ако во ова поле не е поинаку наведено “ има за цел да се однесува на следниве случаи:

(а) Кога одржувањето не може да се заврши.

(б) Кога одржувањето отстапило од стандардот кој се бара со Анекс I (Дел-М).

(в) Кога одржувањето е извршено во согласност со некое друго барање, а не она кое е наведено во Анекс I (Дел-М). Во тој случај, во поле 12 се наведува специфичното национално правило.

За сите одржувања извршени од страна на организациите за одржување одобрени во согласност со Оддел А од Анекс II (Дел-145) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014, изјавата „освен ако не е поинаку наведено во поле 12“ наменета е за решавање на следните случаи:

(а) Кога одржувањето не може да се заврши.

(б) Кога одржувањето отстапило од стандардот кој се бара со Анекс II (Дел-М).

(в) Кога одржувањето е извршено во согласност со некое друго барање, а не она кое е наведено во Анекс II (Дел-145). Во тој случај, во поле 12 се наведува одредено национално правило.“

(17) Додаток III се изменува како што следува:

(i) EASA Образец 15б и Образец 15а на EASA се заменуваат со следново:

„[ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА]

Членка на Европската унија (*)

УВЕРЕНИЕ ЗА РЕВИЗИЈА НА ПЛОВИДБЕНОСТА

Референтен број на ARC: …….

Во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, додека е во сила, следнава организација за управување со постојаната пловидбеност, одобрена во согласност со Оддел А, Поддел Е на Анекс I (Дел М) од Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата.

[ИМЕ НА ОДОБРЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И АДРЕСА]

Референтна ознака за одобрение: [КОД НА ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА].MG.[NNNN].

потврдува дека има извршено ревизија на пловидбеноста во согласност со точка M.A.710 од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014 на Комисијата на следниов воздухоплов:

Производител на воздухопловот:
Ознака на производителот:
Регистрација на воздухопловот:
